<table>
<tr><td colspan="3">Седмица: 12 Час: 3
Датум:</td><td colspan="3">Тема 3: Програма за мултимедијални презентации
Наставна единица: Работа со слајдови</td><td>Одделение:
IV</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнувањата</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td rowspan="3">Да може да манипулира со слајдови во презентација</td><td><u>Сите можат:</u>
да ги наведат чекорите за креирање презентација</td><td>Учениците ги отвораат презентациите што ги креираа на минатиот час и се поведува дискусија за чекорите што ги правеа при креирање компјутерска презентација. Од колку слајдови се состои презентацијата која ја креиравте минатиот час? На овој час ќе учиме како се додаваат нови слајдови и како се прават разни промени со нив.</td><td>З
метод на објаснување</td><td rowspan="3">План за правење презентација

Компјутер

Презентација

LCD проектор</td><td>Дискусија</td></tr>
<tr><td>30 мин.</td><td><u>Повеќето можат:</u>
да вршат манипулација со слајдови</td><td>- Учениците се поделени во истите групи, во презентацијата од минатиот час ќе треба да вметнуваат слајдови колку што им се потребни, а во слајдовите да внесуваат текст кој го испланирале на минатиот час.
- Чекорите што треба да ги направат учениците се наоѓаат во презентација изработена од наставникот. На секој слајд е прикажана по една задача, а после секоја завршена задача на учениците, наставникот преминува на следниот слајд со нова задача.
• Активности: за работа со слајдови:
• за вметнување нов слајд кликни Вметнување > Слајд или со десен клик врз Панелот со слајдови > Нов слајд; ;
• за копирање слајд со десен клик врз слајдот во Панелот со слајдови > Копирај > десен клик врз бела површина во Панелот со слајдови > Вметни;
• за преместување слајд примени ја постапката (влечи и пушти) во Панелот со слајдови.
• за бришење слајд со десен клик врз слајдот во Панелот со слајдови > избриши слајд;
• со транзиција на слајд се прават преоди на слајдови во разни насоки и на разни начини; во Панелот со задачи се наоѓа задачата за преод на слајдови со која се бира ефект на преодот, звук на преодот и време на траење на слајдот, начин на преод, примени на сите слајдови.</td><td>метод на демонстрација

Г
метод на работа со компјутер</td><td>Набљудување

Изработена презентација</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td><u>Некои можат:</u>
да ги објаснат чекорите при манипулација со слајдови</td><td>Усно резимирање на новостекнатите знаења и дискусија за евентуалните тешкотии со кои се сретнаа на денешниот час.</td><td>З
метод на објаснување</td><td>Дискусија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста</td><td colspan="3">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td>Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Воведен дел: повторување за чекорите при креирање компјутерска презентација
Главен дел: работа во групи со слајдови, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап
Завршен дел: објаснување на чекорите за манипулација со слајдови</td><td colspan="3">Да истражуваат начини на манипулација со слајдови на домашен компјутер.</td><td>нов слајд, копирање, преместување, бришење слајд, транзиција на слајд.</td></tr>
</table>

obrazovanie.literatura.mk